**БАРАЊЕ 23-5944**

1. Дали постојат локални младински структури (Локален Младински Совет) согласно Законот за Младинско учество и Младински политики?

2. Колкав процент од учесниците (по пол) пријавуваат зголемени можности за младите да се вклучат во работењето на локалните институции?

3. Кои алатки ги користите за комуникација со младите за нивна вклученост во процесите на донесување одлуки на локално ниво?

**ОДГОВОР 23-5944**

1. ДА, постои Локален Младински Совет, кој е советодавно и претставничко тело на Општина Кавадарци и функционира со цел активно вклучување на младите од Општина Кавадарци во процесите на донесување на одлуките на локално ниво, Локален Младински Центар-Кавадарци и Службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

2. Во работењето на Локалната самоуправа , младите се вклучени преку Локалниот Младинскиот Совет, Локален Младински Центар и Службеник за млади, а за вклученоста на младите во работењето на другите локални институции и процентот на вклученост по пол, немаме информации.

3. Општина Кавадарци за комуникација ги користи најчесто социјалните мрежи (Facebook, Instagram ) и официјалната веб страна на Општина Кавадарци. Известувања до младите и комуникација со истите се врши и електронски по е-маил, а често се организираат работилници и јавни трибини, на кои активно учество заземаат младите од општината.